| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | **Бр. 36382/1-4-2** |
|---|---|---|
| | | **Датум: 24.04.2025** |
| | | **Стр.** 1/1 |

# М И С Л Е Њ Е
## за Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Во текот на првиот квартал од 2025 година, друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје изврши ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2024 година, кои што вклучуваат Консолидиран Биланс на Состојба, Консолидиран Биланс на Успех, Консолидиран Извештај за сеопфатна добивка, Консолидиран Извештај за промени во капиталот и Консолидиран Извештај за готовинските текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки. Консолидацијата ги вклучува финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје, Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот.

Ревизијата на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија применливи во Република Северна Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршењето на ревизија, согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските резултати, ревизорите вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на консолидираните финансиски извештаи за годината што завршува со 31 декември 2024 година, Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на октомври, ноември и декември 2024 година, додека главната ревизија се изврши во првиот квартал од 2025 година.

Управниот Одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје е одговорен за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиски извештаи во согласност со регулативата во Република Северна Македонија.

Надзорниот одбор на Банката со задоволство го прифаќа Извештајот на Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, според кој консолидираните финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално и објективно финансиската состојба на Групата на 31 Декември 2024 година, како и резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност македонската сметководствена регулатива.

Во согласност со Член 89 став 3 точка 26 од Закон за банките, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова писмено мислење за наведениот ревизорски извештај до Собранието на акционери.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Георг Бухер